********************************************************************************

# ОПШТИНА КРАТОВО
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КРАТОВО

*Број 1 Година 2026*
*16.01.2026 година*
*Кратово*

*Претплата за 2026 година*
*изнесува _______________ денари*
*Тек. Сметка бр. _______________*

********************************************************************************

## Содржина

**Стр.**

- Заклучок за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Кратово и општина Пробиштип.............................................................1
- Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Кратово и општина Пробиштип...........................................................................................................1
- Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните и административните службеници во Општина Кратово...........................................................................................................................2
- Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните и административните службеници во Општина Кратово.............................2
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Финансов план за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово.3
- Одлука за усвојување на Финансов план за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово.............................................3
- Заклучок за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово за 2026 година..................................................................................................................................4
- Одлука за усвојување на Програма за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово за 2026 година.......................................4

*************************************************************************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 16.01.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Кратово и општина Пробиштип

1.Се објавува: Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Кратово и општина Пробиштип, **бр.09-97/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 15.01.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-97/2 **Градоначалник**
16.01.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 14 од и член 36 став(1) точка 15 и 20 од Законот за Локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на Општина Кратово („Службен Гласник на општина Кратово” бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 15.01.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кратово и општина Пробиштип**

**Член 1**

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу општина Кратово и општина Пробиштип за вршење работи од надлежност на градежна инспекција од Овластен градежен инспектор од општина Пробиштип (давател на услуга) за потребите и за сметка на општина Кратово (корисник на услуга).

**Член 2**

Надлежност за која се воспоставува меѓуопштинската соработка: вршење работи од надлежност на општината од Овластен градежен инспектор од општина Пробиштип (давател на услуга) за потребите и за сметка на општина Кратово (корисник на услугата), преку „склучување на договори за вршење на определени работи од една општина за една или повеќе општини” во согласност со член 9 став (2) алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка .

**Член 3**

Можни финансиски импликации од соработката: За работното ангажирање на Овластениот градежен инспектор од општина Пробиштип ќе се склучи посебен договор со кој ќе бидат уредени правата и обврските на општина Кратово и општина Пробиштип.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Кратово”.

Бр.09-97/1 Претседател на Советот
15.01.2026година на општина Кратово
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 16.01.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните и административните службеници во Општина Кратово

1.Се објавува: Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните и административните службеници во Општина Кратово, бр.09-94/1, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 15.01.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-94/2 **Градоначалник**
16.01.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 88 став 1, 2, 3, 4 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14. 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 144/25, 252/25 и 266/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 15.01.2026 година, донесе

О Д Л У К А

**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на државните и административните службеници во Општина Кратово за 2026 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во Општина Кратово и на административните службеници на буџетските корисници во Општина Кратово за 2026 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово", а ќе започне да се применува со исплата на платата за Јануари 2026 година.

**Бр.09-94/1** Претседател на Советот
15.01.2026 година **на општина Кратово**
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 16.01.2026 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за усвојување на Финансов план за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово**

**1.Се објавува:** Одлука за усвојување на Финансов план за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово, **бр.09-96/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 15.01.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-96/2 **Градоначалник**
16.01.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски, с.р

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 36 став (1) точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 15.01.2026 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Финансов план за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на Општина Кратово усвојува Финансов план за 2026 година на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово усвоен од страна на Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-440/1 од 29.12.2025 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-96/1 **Претседател на Советот**
15.01.2026 година **на општина Кратово**
Кратово Љупчо Спиров, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 31 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Градоначалникот на општина Кратово на ден 16.01.2026 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово за 2026 година

1.**Се објавува:** Одлука за усвојување на Програма за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово за 2026 година, **бр.09-95/1**, донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 15.01.2026 година.

2.Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-95/2 **Градоначалник**
16.01.2026година **на општина Кратово**
Кратово Тодорче Николовски. с.р

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 36 став (1) точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Пречистен текст на Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 15.01.2026 година, донесе

О Д Л У К А

**за усвојување на Програма за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово за 2026 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на Општина Кратово ја усвојува Програмата за работа на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово за 2026 година усвоена од страна на Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-441/1 од 29.12.2025 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.09-95/1 **Претседател на Советот**
15.01.2026 година **на општина Кратово**
Кратово Љупчо Спиров, с.р